# Долу под селото едно девојченце




Долу под селото,
Едно девојченце,
Бразда правеше,
Вода мамеше.

Цвеќе си вадеше,
Ран бел босилок,
Оздола иде,
Едно лудо младо.

— А бре девојченце,
Скини ми китка.
— Ако си ергенче,
Влези сам си скини.

Ако си женето,
Оди си по патот,
Ако си пак довец,
Скрши си го вратот.

— Дека сум женето,
Што вајде видо,
Кога куќа мете,
Нераскревана.

Кога дете бања,
Нераспашано,
Кога глава мие,
Нерасплетена.

На сред куќиште,
Ѓубре буњиште,
На буњиштето,
Габи изникнале.

Габи си бере,
Зелник си суче,
Зелник си суче,
Маж да си ране.

Пеел Неделко Деловски од село Барово—Тиквешко, 1938 година.

---

габи — печурки
ране — храни

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.